**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

**Наш број: 12-492/3**
**Датум: 27.08.2021 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-492/4
03.09.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**
**„Фронт 21/42"**
**Бул.Климент Охридски бр.54/2-2**
**1000 Скопје**

**Предмет: Доставување на информации по однос на жалба од подносителот Еколошко здружение на граѓани "Фронт 21/42"**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам пристигната е Жалба од Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42" бр.03/2021/2/128 и од 24.08.2021 година која претходно ја имате доставено до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заедно со доказ Барање за пристап до информации од јавен 03/2021/2/118и од 21.07.2021 година, по детална проверка во деловодните книги на инспекторатот од причина што периодот кој е предмет на интерес е од поголем размер Ве известуваме следно:

Од информациите кои ги барате за наведените општини во гореспоменатото барање во прилог на овој допис Ви ги доставуваме во копие следните акти:

- Копие од Решение за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на општина Охрид, Струга и Дебарца по кои целосно е постапено и објектите се отстранети:
  - *Решение Бр.08ип1-30 од 12.11.2014 година;*
- Копие од Решение за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на општина Охрид, Струга и Дебарца по кои не е постапено и објектите не се отстранети:
  - *Решение Бр.09ип1-7 од 22.01.2021 година* и

**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

- Копие од Решение за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на општина Охрид, Струга и Дебарца по кои се поведени судски постапки:
  - *Решение Бр.08ип1-75 од 11.12.2015 година*
  - *Жалба против Решение бр.08ип1-75 од 11.12.2015 година*
  - *Проследување на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка*
  - *Одговор на жалба Ип2 0805-520 од 08.07.2016 година*
  - *Достава на предмет на надлежност бр.08ип1-75 од 20.10.2016 година*

Со почит,

**Изработил:**
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д.Директор**
**Фатмир Арифи**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија -**
**Бр. 08 ип1- 30 од 12.11.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 137 став 1 и член 134 став 1 алинеа 1 од Закон за градење (Сл.Весник на РМ бр.130/09,124/10,18/11,36/11,54/11,13/12,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14.42/14,115/14,149/14), а во врска со член 205 од Закон за општа управна постапка (Сл.Весник бр.38/05,110/08,51/11), градежниот инспектор при Министерството за транспорт и врски - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, донесе:

## РЕШЕНИЕ

СЕ НАРЕДУВА на Инвеститорот со место на живеење во с.Враништа во Струга, **во рок од 3 (три) дена** по приемот на ова решение да ја ОТСТРАНИ градбата со димензии во основа (3,50/7,70м) и висина -2,20м + (2,80/6,50) и висина -1,8м, описно прикажано во записникот број 08 ип1-30 од 10.11.2014 год. од извршен инспекциски надзор, означено во градежен дневник број 5, која ја изведува во заштитена споменична целина во Охрид,на ул.Кузман Капидан бр.15, КП 15726/1, Ко Охрид 3, во Охрид, бидејќи е утврдено дека:

- Инвеститорот гради без одобрение за градење

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, постапувајќи по доставен предмет во надлежност 08упп-123 од страна на Управата за заштита на културното наследство при Министерство за култура, при вршење на инспекциски надзор, изврши увид на лице место на ден 30.10.2014 година и со Записник број 08ип1-30 од 10.11.2014 година, констатира дека инвеститорот отпочнал со градба на градежен објект – со димензии во основа (3,50/7,70м) и висина -2,20м + (2,80/6,50) и висина -1,8м, без претходно да прибави одобрение за градење.

Врз основа на констатираната состојба, а согласно член 134 став 1 алинеја 1 од Закон за градење (Сл.Весник на РМ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14) се донесе решение како во диспозитивот.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата согласно член 137 став 4 од Закон за градење (Сл.Весник на РМ број 130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11,13/12,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14,149/14), не го одлага извршувањето на решението.

ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка има право на жалба преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса.

Влада на Република Северна Македонија

**-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -**

**Бр. 09 ип1- 7 од 22.01.2020 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 137 став 1 и член 134 став 1 алинеа 1 Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр.130/09,124/10,18/11,36/11,54/11,13/12,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15,129/15,217/15,226/15,30/16,31/16,39/16,71/16,132/16,35/18,64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19) градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

ознака од дневник бр3

1. СЕ НАРЕДУВА на Инвеститорот со место на живеење на ул.„Бранко Шотра" бр.21 во Охрид, во рок од 3 дена по приемот на ова решение да ја отстрани градбата-надградба која се врши на постоен објект лоциран на ул.„Петар Чауле" бр.11, КП 15401 Ко Охрид 3, во споменичката целина Старо градско јадро во Охрид, бидејќи е утврдено дека надградбата се врши без одобрение за градење.
2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на отстранување на градбата.
3. Трошоците за извршување на ова решение се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на Решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, постапувајќи по службена должност изврши инспекциски надзор со увид на лице место на ден 23.12.2019год. во врска со изградба на надградба која се врши на постоен објект лоциран на ул.„Петар Чауле" бр.11, КП 15401 Ко Охрид 3, која катастарска парцела е во сопственост на инвеститорот. Од извршениот инспекциски надзор,означен во дневник бр.3, е составен записник бр.09ип1-7 од 22.01.2020год. во кој е утврдено дека надградбата на постојниот објект инвеститорот ја врши без претходно да обезбеди одобрение за градење за надградба согласно одредбите од Законот за градење.

Врз основа на констатираните забелешки, градежниот инспектор согласно Законот за градење превзема управни мерки, а во согласност со член 134 став 1 алинеј 1 од Законот за градење.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата согласно член 137 став 4 од Законот за градење, не го одлага извршувањето на решението.

ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка има право на жалба преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса.

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ-**
**Бр. 08 ип1-75 од 11.12.2015 година**
**Скопје**

Градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија врз основа на член 42 став 1 и член 43 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РМ" бр.50/10,162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 108/14,33/15), а во врска со член 137 став (1) и член 133 став (1) алинеа 4 и став (2) и член 134 став (1) алинеа 4 од Законот за градење („Сл. Весник на РМ" бр. " бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15), по извршениот инспекциски надзор на кровната конструкција на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид, КП. 15334 КО Охрид 3, градена од инвеститорот со адреса ул.„ „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид, во поглед на прекинувањето на градбата и отстранување на кровна конструкција над кровната проодна тераса утврдена со записникот бр. 08 ип1-75 од 11.12.2015 година, донесе :

## РЕШЕНИЕ

(1) **СЕ НАРЕДУВА**, Инвеститорот со адреса на ул.„ „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид да ја ОТСТРАНИ кровната конструкција, на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид на КП. бр.15334 КО Охрид 3 за која не поседува техничка документација констатирано со записникот бр.08ип1-75 од 11.12.2015 година и доведување на проодната тераса во првобитната состојба во рок од 30 (триесет) дена по приемот на ова решение.

(2) Ако отстранувањето на кровната конструкција на кровната проодна тераса и доведувањето на проодната тераса во првобитната состојба не се изврши во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување.

(3) Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

(4) Жалбата против решението не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија изврши инспекциски надзор на кровната конструкција на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид на КП. бр.15334 КО Охрид 3 на ден 03.12.2015 година во поглед на поседување на техничка документација за изведба на истата.

За утврдената состојба изготви записник бр.08 ип1-75 од 11.12.2015 година со наод за утврдена фактичка состојба.

При инспекцискиот надзор се утврди дека индивидуалниот станбен објект на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид на КП.15334 КО Охрид 3 е цврста градба и во употребна состојба.

Кровната проодна тераса е покриена со кровна конструкција од челични профили , дрвени греди, дасчена оплата и кровен покривач пластифициран лим.

Од извршениот увид во документацијата доставена од страна на инвеститорот Ѓорѓи Метулев на ден 09.12.2015 година во просториите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, увидот на лице место и Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.36-1410 од 30.10.2015 година од страна на овластениот градежен инспектор на општина Охрид Ванчо Мацоски со кој Записник е согласен и потпишан инвеститорот Ѓорѓи Метулев со стан на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид се констатира дека Инвеститорот не поседува соодветна техничка документација за изведба на кровната конструкција на кровната проодна тераса, која во основа е со неправилна форма и димензии на страните 7,09м.+1,41м.+3,29м.+6,11м.+3,5м.+5,9м.По обемот на основата челичните столбови се со димензии 8х8см. и висина 2,53м. а на слемето висината е 3,2м. преку челичните столбови поставени се челични греди на кои налегнуваат дрвени греди-рогови со димензии 8х10см. врз кои е искована дасчена подлога и поставен кровен покривач од пластифициран лим.

Врз основа на констатираната состојба, а согласно член 133 став 2 и член 134 став 1 алинеја 4 од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот, со кое се наредува на инвеститорот да ја отстрани кровната конструкција, на кровната проодна тераса и проодната тераса да ја доведе во првобитната состојба.

Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување, согласно со членот 137 став 4.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија под бр. 08ип1-75 од 11.12.2015 година.

КОРОВЕШОВСКИ
адвокатска канцеларија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТЕ
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Примено: 21.12.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08ип1 | 75 | | |

**ДО**
**Државна комисија за одлучување**
**во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка**

**ПРЕКУ**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ**

**Подносител**
**од Охрид ул. Аргир Маринчев бр. 4 со ЕМБГ**
**преку полн. Адв. од Охрид**

## ЖАЛБА

**против: Решение бр. 08 ип1-75 од 11/12/2015 на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ**

На ден 11/12/2015 година овластениот градежен инспектор при Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ донел решение со кое на подносителот му наложил да ја отстрани кровната конструкција на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул. Аргир Маринчев бр. 4 на кп.бр. 15334 за КО Охрид 3 во рок од 30 дена од приемот на решението.

Незадоволен од ваквото решение подносителот благовремено во законски дозволениот рок изјавува жалба со која во целост го побива вака донесеното решение поради следниве причини:
- суштествени повреди на одредбите на постапката,
- нецелосно или погрешно утврдена фактичка состојба,
- погрешна примена на материјалното право.

- Предлагаме Државната комисија за одлучување во втор степен од овбласта на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка да ја усвои оваа жалба, решението да БИДЕ УКИНАТО ИЛИ ПОНИШТЕНО и предметот да биде вратен на повторно одлучување со напатствија како да се разреши настанатиот проблем.

### Образложение

**1. Суштествени повреди на постапката**

Побиваното решение е нејасно, неразбирливо, не се наведени решителните факти поради кое органот го донел истиот односно тие не се образложени и појаснети, поради што истото не може да се испита.



Адвокати Бул.Македонски Просветители бр. 8 6000 Охрид

Првостепениот орган не образложил зошто го донел решението за отстранување на кровната конструкција.

Во продолжение, на подносителот не му било дадено можност да се изјасни за фактите и околностите што се од важност за донесување на решението со што се повредени начелата на ЗОУП, односно странката не била вклучена во постапката во ниту една фаза од истата.

**2. Нецелосно или погрешно утврдена фактичка состојба**

Органот кој го донел предметното решение е нецелосно односно погрешно ги утврдил фактите и не ги зел и ценел во целост сите докази кои се на страна на подносителот а кои се од значење за донесување на решението. Имено, првостепениот орган со напаѓаното решение го задолжува подносителот да ја отстрани кровната конструкција, не земајќи во предвид притоа дека согласно законот кога се работи за итни и крајно потребни интервенции, како што и се случило на објектот на подносителот чиј кров од сите страни протекувал притоа предизвикувајќи огромна штета во внатрешноста на подносителот.

Од друга страна во неколку наврати подносителот се обратил до НУ Завод и музеј Охрид од каде побарал на негова сметка да биде изработен проект за санација, односно поправка на кровната површина поради тешкотиите кои се јавиле при секој дожд во објектот на подносителот, меѓутоа со никаков одговор од страна на НУ Завод и музеј подносителот бил приморан да ја санира самиот кровната површина како не би трпел штета и понатака, факт кој и денес постои е дека веднаш штом биде изготвен проектот подносителот презема обврска по тој проект да постапи и да го испочитува во целост, меѓутоа до изготвувањето на таквиот проект крајно нужно било да се санира кровната површина како не би протекувало бидејќи следи зима и не може да се очекува дека нема да има дожд и снег.

Видно од записникот за извршен надзор видно е дека подносителот воопшто не бил вклучен во постапката дури ни при увидот на лице место од страна на државниот инспектор за градежништво, што е и доказ дека доколку би бил вклучен во постапката би изнел и докази и факти кои би оделе во негова корист.

Нејасно е како инспекторот констатирал од каков материјал е конструкцијата кога не и се ни приближил со што го повредил начелото на непосредност. Истото се констатира и од фотографиите, каде не се доставуваат во прилог на решението и фотографиите на кои се утврдува штетата која подносителот ја трпи, а кои постојат во постапката која ја водел градежниот инпектор во Охрид, што е крајно селективно и крајно неосновано , како и неправедно, со што се повредува начелото на equal arms - еднаквост на оружјата, загарантирано со Европската конвенција за човекови права.

Понатака кога веќе се работи за заштитено подрачје кое воопшто не е констатирано во решението, ниту дека е заштитен реонот ниту пак од која

категорија е заштитата следи дека подносителот објектот го изградил врз одобрен проект од НУ Завод и музеј и НУ за заштита на културно наследство , а сега трпи штета од преку 3.000.000,00денари а погоренаведените не му излегуваат во пресрет и не му изготвуваат проект на негова сметка а истиот веќе во неколку наврати го побарал истото.

Во целост е погрешно утврдена фактичката состојба.

**3. Погрешна примена на материјалното право**

Органот кој одлучувал во прв степен и го донел побиваниот заклучок не ги применил односно погрешно ги применил материјалните прописи кои се применливи во предметниот случај.

Погрешно е применет ЗОУП и неговите основни начела.

Органот кој решава по предметот е должен да постапува согласно утврдените правила кои се јасни и кои се утврдени со законот, како и дека странката мора да биде вклучена во постапката, а не органот сам да решава по предметот, органот, односно оној кој го водел предметот не се обратил кај странката, а исто така законот во управната постапка, односно едно од основните начела на ЗОУП е сервисната ориентираност кон граѓаните, начелото на справедливост е сосема неиспочитувано во оваа постапка.

Предлагаме државната комисија да го прибави и има на увид целокупниот предмет од Општина Охрид бр. ИП1-36/1410 каде постојат фотографии од штетата која ја претрпувал подносителот, а кои не се во прилог кон решението.

***Согласно чл 51 од Уставот***

***Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон***

***Додека согласно ст 2 од член 51 од Устaвот***

***Секој е должен да го почитува уставот и законите***

***Согласно чл 8 од Уставот на РМ темелна вредност на уставниот поредок е***

*- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;*

*- Правната заштита на сопственоста;*

***Согласно чл 30 од Уставот***

*- Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување*

Ако се тргне од правната аксиома дека Секој ратификуван меѓународен договор е дел од правниот поредок, а Република Македонија е потписник на

Европската конвеција истата преставува дел од правниот поредок.

Не може да има ограничување во правото на заштита на сопственоста пред државните органи бидејќи тоа е во спротивност со **чл. 1 Протокол 1 од ЕКЧП**

Со ваквата постапка се повредува и чл. 6 ст. 1 од конвенцијата бидејќи ваквата постапка би требало да биде правична постапка. Органот кој ја води постапката е пристрасен особено оваа тенденција упатува на повреда на членот 6(3)(а), (б), и (г), во контекстот на правото на непристрасен орган. Така и случаите во врска со јавната контрола врз земјиштето, доделувањето дозволи или другата регулатива за трговските или професионални активности, обештетувањето за незакоски дејствија на властите треба да преставуваат матрица на однесување на држава потписник на конвенцијата. Комисјата ги крши темелните права од чл. 13 на Европската конвенција во врска со чл. 6 од истата.

Со правилна примена на материјалните прописи следува дека не постои основ да биде задолжен подносителот да ја отстрани конструкцијата кога во меѓувреме е побарано да биде изготвен проект со кој би се санирал кровот и подносителот понатака во иднина не би трпел штета.

* * *

Органот кој го донел побиваниот заклучок требало правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба и во вид да ги има сите докази од значење за одлучувањето и истите правилно и целосно да ги оцени, како и правилно да ги примени правните прописи.

Предлагаме Државната комисија за одлучување во втор степен од овбласта на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка да ја усвои оваа жалба, решението да БИДЕ УКИНАТО ИЛИ ПОНИШТЕНО и предметот да биде вратен на повторно одлучување со напатствија како да се разреши настанатиот проблем.

Во Охрид, 16.12.2015година

Во прилог:

- Полномошно


Адвокати
Драган Коровешовски
Бул.Македонски Просветители бр. 8 6000 Охрид

R
RA028545127MK

ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА
КАЈ ПОШТА 6000 ОХРИД

ОХРИД
18.12. 15-17
8001

До

Државен инспекторат за
градежништво и урбанизам
на Република Македонија
бул. Гоце Делчев бр 18
1000 Скопје

(2)

**Влада на Република Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Наш бр. 08ип1 - 75**
**Датум: 22.12.2015 година**

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија**
бул.Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0)2 3226 183
Факс: +389 (0)2 3226 183
Лок. 102
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Архивски знак
______________
Рок на чување __________
Датум: ________. 20 __ год.
Скопје
Потпис
______________

**До: Државна комисија за одлучување во втор степен во обласна на инспекциски надзор и прекршочна постапка**
**Ул. „Кеј Димитар Влахов" бр.4 Скопје**

**Предмет:** Проследување на жалба
**Врска:** Ваш бр.

Почитуван/а,

Во прилог на овој допис, Ви ги доставуваме сите списи по однос на жалбата доставени од со место на живеење на ул.„Аргир Маринчев" бр.4 преку полномошник Адвокат бул. „ Македонски Просветители" бр.8 во Охрид, поднесени преку Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, која се однесува на Решението 08ип1-75 од 11.12.2015 година донесено од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија на Ваше понатамошно постапување.

Прилог во оригинал:
- Жалба од преку полномошник Адвокат од Охрид.
- Полномошно од
-Доставница бр.08-сл. од 03.12.2015 год од покана на странка за распит.
- Известување за достава на Записник со Решение од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија
- Записник Бр.08ип1 – 75 од 11.12.2015 година од извршен инспекциски надзор од Државен инспекторат за за градежништво и урбанизам на Република Македонија
- Решение Бр.08ип1-75 од 11.12.2015 година од Државен инспекторат за за градежништво и урбанизам на Република Македонија
- Комплет предмет од Општина Охрид со Известување за доставување на податоци, Записник од извршен инспекциски надзор ИП1бр.36-1410 од 30.10.2015 година во пишана форма на лице место и во електронска форма проследен со фотографии и скица за местопо-ложба на објектот на КП 15334.
- Достава на предмет во надлежност бр. 12-3004/2 од 17.11.2015 година од Министерство за култура Управа за заштита на културно наследство Скопје, врз основа на доставен извештај бр. 03-2419/4 од 04.11.2015 година од Национална установа Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј-Охрид.
- Комплет предмет (копија) од Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид бр. 03-2419/4 од 04.11.2015 година со: Извештај од извршен увид на објектот со прилог фотографии бр. 13-2419/3 од 03.11.2015 година, барање бр. 11-2419/2 од 03.11.2015 година од Ѓорѓи Метулев преку полномошникот Адвокат Драган Коровешовски од Охрид до Национална установа Завод за заштита на културните споменици и националниот Музеј-Охрид, со прилози (Одобрение за градба бр.10-2750/2 од 16.06.1999 година од Министерство за урбанизам и градежништво, потврда за платени трошоци за уредување на градежно земјиште, технички опис на кровната конструкција на одобрението за градење и потврда за регулирани односи за уредување на градежното земјиште).

107

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Примено: 11.07.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| Ошм | 75/2015 | | |

Република Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

ИП2 Бр. 0805-520

Скопје, 08.07.2016 година.

Кеј Димитар Влахов 4
1000 Скопје
Република Македонија
Е-пошта:

ДО:

МТВ
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Достава на предмет со списи

**ВРСКА:** Ваш број 08.ИП1-75 од 11.12.2015 година

Почитувани,

Во прилог на Ваше запознавање и понатамошно постапување Ви доставуваме (2) два примерока од решението ИП2 број 0805-520 од 16.06.2016 година на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со кое жалбата на жалителот

од Охрид Г се уважува

и предметот со комплет списи што се однесуваат на истиот.

Примерок од решението да се достави до жалителот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на списите.

Доколку административната такса за жалбата не е платена, пред да го доставите решението на жалителот, должни сте да постапите согласно со член 12 од Законот за административни такси.

Со почит,